# Типови на облека и стилови на фризури во антиката

**Цели на часот што треба да се постигнат:**

**Ученикот/ученичката да:**

☑ се запознае со типовите на облека што се носела во класичната култура на Хелените и Римјаните;

☑ се запознае со стиловите на фризури кои биле карактеристични за тоа време кај мажите и жените од Хелада и Рим;

☑ да прави споредба помеѓу типовите на облека и стиловите на фризури во минатото и денес.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# IV.1 Типови на облека во древна Хелада



ЖЕНСКИ ХИТОН

- Производството на облеката се одвивало во домашни услови и често истата облека што се носела преку ден, се носела и за спиење.
- Иако постои мислење дека античката облека била во бела боја, вистината е дека произведената облека се бојадисувала во разни бои и имала разни дезени.
- Бојата на облеката носела разни значења. На пример, темниот вел околу косата на жената означувал *жалење*.
- Облеката се произведувала од растителни суровини, лен и памук, но и од животински, од волна.
- Жените носеле **пеплос**, фустан до стапала со набори, прицврстен на телото со појас под градите.
- **Хитонот** бил вообичаена секојдневна облека, потенка од пеплосот. Хитонот го носеле мажи и жени.



ПЕПЛОС



МАШКИ ХИТОН

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
CC BY NC ND

# IV.1 Типови на облека во древна Хелада



ХИМАТИОН

- Мажите носеле и наметка наречена **хламида**, прикачена со тока на едно рамо.
- Хламидата се изработувала од волна.
- Ја носеле војниците како еден вид тенок штит за телото.
- За време на студените зимски денови мажите и жените носеле **химатион**, долга волнена прекривка префрлена околу хитонот за затоплување на телото.



ХЛАМИДА

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# IV.1 Стилови на фризури и накит







- Хелените носеле накит како што се ѓердани, прстени, обетки, нараквици, гривни, венчиња, дијадеми.
- Накитот бил украсуван со бисери и скапоцени камења.
- Накитот се предавал на следните поколенија и се носел од потомците.
- Модата во Хелада се менувала низ времето.
- Во класичниот период мажите носеле кратки коси, а долги бради.
- За време на хеленизмот, се менува модата, се пуштале долги коси со голобради лица.
- Жените носеле долги коси, освен робинките, кои носеле пократки.
- Трендот кај жените бил кадрава коса во плетенки, а знаеле и косата да ја собираат во пунца, на темето или тилот.
- Особено привлечни биле русокоси жени. Жените кои немале руса коса, ја избелувале (бланширале) за да го добијат тој пигмент.











Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# IV.2 Типови на облека во древниот Рим



СТОЛА И ПАЛА

- Во древниот Рим се носеле **туники** од мажите и жените како вообичаена секојдневна облека.
- Римјаните ја увезувале свилата од Кина и Индија. Свилата била редок и скап материјал, така што свилената облека ја носеле само најбогатите и царското семејство.
- Произведувале и облека од животинска кожа за затоплување на телото на војниците.
- Женската долга туника се нарекувала **стола**. Столата била долг фустан со набори. Врз нивните коси и преку рамениците носеле **пала**, четвртесто парче ткаенина кое се носело како вел.
- Кратки туники до колениции жените ги носеле дома, но, надвор од својот дом излегувале облечени во столи.
- Кај Римјаните постоел кодекс на облекување кој строго се почитувал. **Тогата**, која била долга волнена прекривка околу телото, ја носеле само богатите Римјани и патрикиите.



ТУНИКА И ТОГА

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# IV.2 Типови на облека во древниот Рим

- Тога се носела само при излегување, за време на некои празнувања, свечености. При физичка работа се носела само туника.
- Мажите носеле волнена качулка на главата поврзана со наметка на тело наречена **паенула**, веројатно кога условите надвор биле неповолни или од разни други причини.
- Војниците носеле потенка наметка наречена **сагум**.
- Жените и мажите облеката ја прицврстувале со украсни игли наречени фибули.



ПАЕНУЛА



САГУМ



ФИБУЛА

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# IV.2 Стилови на фризури и накит





- Римјанките носеле различен тип на фризури.
- Ја бојадисувале косата, правеле плетеница, ја крателе и ја носеле во кадрици. Косата во кадрици ја виткале преку цилиндри.
- Користеле секакви козметички алатки за дотерување на женската коса, од игли до мрежички.
- Иглите за местење на плетениците биле изработувани од слонова коска, кристал, дрво.
- Ги бојадисувале ноктите.
- Кај мажите долго време во мода било да се носи кратка потстрижана коса и голобрадо лице.
- Од времето на римскиот цар Хадријан се променила модата, така што некои мажи носеле украсни бради.









Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# ДОМАШНА ЗАДАЧА

- Изработи цртеж со антички лик на маж и жена од Хелада или Рим.
- Побарај разни фотографии и слики на интернет за да добиеш идеја како да ги нацрташ ликовите.
- Фотографирај го цртежот и објави го во Мајкрософт Тимс во твојата папка во предметниот тим.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

BY NC ND